Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 04-992/10
19. 04. 2021 година
Скопје

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и(„Службен весник на РСМ“бр.275/19 и 14/20), в.д. државниот секретар во Министерството за правда донесе

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат по интерен оглас за унапредување на административен службеник

1. **ГОРДАНА ФИЛИПОВСКА** ***се избира*** од предложената ранг листа на кандидати по Интерниот оглас за унапредување на административен службеник во Министерството за правда број 01/2021, за работно место раководител на Секторот за финансиски рашања, со звање раководител на сектор и шифра на работно место УПР0101Б02000.
2. Со именуваната ќе се заснова работен однос по конечноста на оваа одлука.

## О б р а з л о ж е н и е

По добиена писмена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства број 18-2366/2 од 19.03.2021 година, на ден 06.04.2021 година на веб страниците на Министерството за правда и на Агенцијата за администрација објавен е Интерниот оглас број 01/2021 за унапредување на пет административни службеници во Министерството за правда, меѓу кои и за работното место раководител на Секторот за финансиски прашања.

Со Решение број 04-992/4 од 13.04.2021 година, формирана е Комисија за унапредување на административен службеник.

На Јавниот оглас за горенаведеното работно место се пријави еден кандидат. Комисијата спроведе постапка за административна селекција, а в.д државниот секретар одржа интервју со единствениот кандидат, чија пријава беше комплетна и кој ги исполнува условите утврдени во Законот за административни службеници и пропишани во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за правда и во Јавниот оглас број 01/2021.

Врз основа на добиените бодови од спроведената административна селекција и од одржаното интервју, изготвена е Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлуката за избор на прворангираниот кандидат.

Врз основа на предложената ранг листа, а со оглед дека целата постапка се спроведе со единствениот пријавен кандидат, државниот секретар за работно место раководител на Секторот за финансиски прашања, го избра кандидатот Гордана Филиповска.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозититвот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА** : Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да изјави жалба до Агенцијата за администрација

В.Д. ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Фросина Тасевска

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваниот-та,
- Одделение за човечки ресурси,
- Архива

Изготвил : Маја Малјановска, раководител на сектор